РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр. 04-7102/4
19-11-2018 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ", број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), државниот секретар на министерството за финансии донесе

# О Д Л У К А
## за избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 2/2018 за унапредување на административен службеник во Министерството за финансии, објавен на веб страната на Министерството за финансии и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Виш соработник за децентрализирано спроведување на проектите финансирани од ИПА за договори за услуги, набавки со договори за градежни работи, Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори, Сектор за централно финансирање и склучување на договори - 1 извршител, се избира следниот кандидат:

- Тони Атанасовски.

2. Државниот секретар на министерството за финансии во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Министерството за финансии и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за финансии на работното место Виш соработник за децентрализирано спроведување на проектите финансирани од ИПА за договори за услуги, набавки со договори за градежни работи, Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори, Сектор за централно финансирање и склучување на договори - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Министерството за финансии, формирана со Решение бр. 19-7011/3 од 09.11.2018 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под бр. 04-7102/2 од 16.11.2018 година, по што комисијата спроведе интервју и за истото состави Записник заведен под бр. 04-7102/3 од 16.11.2018 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр. 04-7102/3 од 16.11.2018 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и истата ја достави до државниот секретар.

Согласно со член 52 став 1 од Законот за административни службеници „Во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор".

Согласно со член 52 став 6 од истиот закон „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имајќи го во вид горенаведениот член, државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архивата на Министерството.

Елена Трпковска
Државен секретар

Изработил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски
Согласен: Татјана Весева
Одобрил: Гордана Сусулеска Итиќ

Проверил: м-р Татјана Трајковска/Тања Таневска Лазаревска